магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 56 страници

Година 1 Број 10

Декември 2022 г.

Цена 150 ден.




**НАГРАДИ**

## *Наīрада за ӣрајни вредносӣи за ректороӣ ӣроф. g-р Аце Миленковски*

**МЕГАИНТЕРВЈУ**

**Некст ТАЈМ:**

„Сè што правиме преку музиката, го правиме за оваа наша Македонија!“

**ОБРАЗОВАНИЕ**

**Потребен ли е нов закон за високото образование?**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

**Интервју со Н. Е. Хиронори Савада, амбасадор на Царството Јапонија**


ISSN 2671-3934

5 318000 033115


www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА



Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА — 3


МЕГАИНТЕРВЈУ: **Некст ТАЈМ:** „Сè што правиме преку музиката, го правиме за оваа наша Македонија!“ — 4


ОБРАЗОВАНИЕ: **Потребен ли е нов закон за високото образование?** — 8



НАГРАДИ: **Ректорот Миленковски - Маж на годината со трајни вредности** — 12


ТЕМА: **Даноци: власта се заплетка во сопствените калкулации** — 16


МОЈА ОПШТИНА: **Бобан СТЕФКОВСКИ,** градоначалник на Општина Гази Баба — 24


РЕПОРТАЖА: **Нов инвеститор ќе ја модернизира Попова Шапка** — 30


ДУРБИН: **Кратки вести и информации** — 36


АВИОБИЗНИС: **Колку пари ќе им даде државата на авиопревозниците?** — 42


ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Н. Е. Хиронори Савада, амбасадор на Царството Јапонија** — 46



КОМПАРАЦИЈА: **Работната недела во Македонија, регионот и во Европа** — 50

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

СКОПЈЕ

# Среќна Нова 2023 година и божиќни празници!



## Одблиску со главниот уредник

М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО СЕБЕ И МЕНУВАЈТЕ ГО СВЕТОТ!

*Ова е месец кога ги сумираме постигнувањата, ги поставуваме новите цели, создаваме нови соништа и носиме  нови одлуки. Најважни се малите чекори кон промената што ја посакуваме.*

*Живееме во турбулентни времиња кога зборот може да направи војна, но зборот може и да заврши војна. Светот се промени, политичкиот интерес преовлада на штета на граѓаните.*

*Позната е изреката на Мартин Лутер Кинг, кој предлага да бидеме промената што сакаме да ја видиме во светот. Промените што сакаме да ги видиме, пред сè, да бидат промени во нас самите. Во нашите постапки, семејства, соседски односи, работното и деловното опкружување.*

*Сите се свесни дека промените треба да почнат од клучниот столб – образованието. Иднината во образованието подразбира промена, нови вештини и поттикнување на иновативноста. На младите генерации не им е потребно учење и меморирање факти, до нив лесно стигнуваат со помош на технологијата што им е постојано достапна, но затоа им е потребно да учат како да ја комбинираат технологијата со вештините за одгледување храна, како да управуваат со финансии, како да размислуваат претприемачки и како да пристапат кон решавање на општествените предизвици.*

*Ако сакаме подобра држава, треба да го смениме пристапот. Да учиме и да дадеме конструктивен предлог како да се решат проблемите.*

*Бидете свои, но и доволно храбри промените да ги започнете од себе, во својата куќа и во својот двор. Среќна и успешна 2023!*

## МЕГАИНТЕРВЈУ
# НЕКСТ ТАЈМ



# НЕКСТ ТАЈМ: СЀ ШТО ПРАВИМЕ ПРЕКУ МУЗИКАТА, ГО ПРАВИМЕ ЗА ОВАА НАША МАКЕДОНИЈА!



**Близнаците од дуото „Некст тајм“, Мартин и Стефан Филиповски, направија концерт за паметење со македонската музика. Во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент велат дека се горди на сите песни. За жал, немаат никаква поддршка од државата. Помош добиваат само од тие што веруваат во нив и во нивното дело.**

**На 17 декември го одржавте големиот концерт во салата „Јане Сандански“ во Скопје. Како сте задоволни од концертот и од интересот на фановите?**

Сѐ уште сме под импресии од преубавиот концерт, преубав затоа што имаше многу луѓе и, што е најважно, предобра атмосфера. Чекавме долг период за ова и, искрено, и додека бевме на сцената и сега по концертот, уживаме во постигнатото. Публиката покажа дека си ги сака македонската музика и македонските уметници.

**Изминатава година бевте прилично присутни на домашната сцена, со концерти во многу македонски градови. Какви се симпатиите на публиката за музиката што ја изведувате во моментот?**

Точно е тоа дека имавме доста добра година. На сите места каде што настапувавме, налетавме на многубројна публика. На сите места и градови каде што оваа година не успеавме да гостуваме, се надеваме дека следната ќе успееме и ќе уживаме во овие песни.

**Како од денешно време гледате на стилот и на песните од почетокот на кариерата и на оној рокерски звук?**

Сѐ е убаво во свое време, секогаш може подобро, но горди сме на сите песни што сме ги креирале досега. Бевме помлади, што би се рекло, бевме деца, и во тоа време сме размислувале така. Сега, кога ќе се вратиме на авторската музика, веруваме дека имаме нови идеи и желби како сакаме да звучи нашата авторска музика.

**Колку придонесе соработката со Никола**

**Мицевски вашите песни да звучат како што звучат. Како да го разбудивте патриотскиот дух кај фановите?**

Соработката со Никола Мицевски ни донесе многу во кариерата, меѓутоа тајната на успехот е во тоа што заеднички како тим ги креиравме сите овие обработки. Тој нè слушаше што сакаме ние, а ние го слушавме што има да каже тој, зашто сепак има повеќе познавање во оваа музика. Нашиот успех е заемен односно тимски, не е индивидуален. Така, сметаме дека колку што добивме ние од неговите обработки или аранжмани, толку доби и тој од нас, да дознае дека сето ова го поседува или го има внатре во својата музичка дарба.

**Најавивте за првпат голема турнеја во Австралија. Дали чека дијаспората „со душа“ да ги слушне вашите песни?**

Веруваме дека нè чекаат, тоа го гледаме според коментарите на нашите во Австралија на социјалните мрежи, па и лично кога се среќаваме со некои што се дојдени тука, па случајно или на некој настап ќе се видиме. Искрено, возбудени сме за гостувањето во Австралија и со нетрпение чекаме да отвориме нови врати и нова публика.

**Дали песната „Ја излези, Ѓурѓо“ стана нова навивачка химна? Може да ја чуеме на сите спортски натпревари.**

Ѓурѓа е песна општо прифатена од сите. Да, точно е тоа дека имавме шанса да пееме пред навивачки групи, пеевме пред Комитите и на фудбал и на ракомет, но искрено сметаме дека оваа песна е и за другите навивачки групи што ја сакаат македонската патриотска музика, односно за цела Македонија.

**Која македонска песна што ја имате преработено ви е најдрага?**

Искрено, сите, нема да одвоиме една.

**Имаат ли Мартин и Стефан несогласувања во работата или сè е работа на договор?**

Ние сме доста различни карактерно, но сме едно на сцена, секогаш имаме различни ставови и идеи, но во тоа е и убавината и причината зашто сме успешни.

**Каква музика слушаат Мартин и Стефан?**

Рок и рап слуша Мартин, блуз и метал Стефан. И, нормално, сè што е добро за уво.

**Каква е поддршката од државата за македонската музика што ја создавате?**

**Голем концерт на „Некст тајм“ на 17 декември 2022 година.**



За останатите не знаеме, за нас сметаме дека е никаква. Бевме одбиени за субвенции за концерт, имавме среќа некоја да добиеме поддршка од Општина Аеродром за албумот „Мајка“. Но кога ќе ја видиме големата слика, државата односно институциите ништо не ни помогнале. Најголемата поддршка ја добиваме од фирми-спонзори што веруваат во нашето дело и во нас, и од публиката што сака да нè слуша и која нè бара за настапи.

**Дали ви пречи тоа што малку се негува македонската музика? Секојдневно сме сведоци на многу забави на кои меѓу младите е присутна шунд, кич, турбофолк. Дури може и да констатираме дека го подзаборавааме нашето музичко богатство. Како може да се промени ова?**

За жал, таква е вистинската ситуација, но со нашиот концерт покажавме дека македонскиот народ е желен и за македонските музичари. Тука се случија и други концерти на македонски изведувачи на кои публиката покажа дека си ја сака музиката. Нормално е да се носат изведувачи од страна, но сметаме дека организаторите треба да создадат повеќе можности за македонските музичари.

**Може ли да ни ги откриете следните проекти што ќе ги реализирате?**

Сега за сега, не сме размислувале на таа тема, освен за тоа што сега ќе се подготвува видеоматеријалот од концертот, кој треба да се емитува на телевизија и на сите наши социјални мрежи.

**Во 2009 година настапивте на Евросонг. Дали би пееле повторно и каква песна би одбрале?**

Секогаш е убаво да ја претставуваш Македонија, но моментално тоа не ни е приоритет.

**Од страна на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје добивте Златна плакета за ширење на македонската традиција и култура меѓу младите. Колку ве поттикнуваат ваквите признанија да продолжите со вашата мисија за создавање квалитетна македонска музика?**

Искрено, ни значи тоа што добивме такво признание, искрено ни е убаво што некој се сети да ни даде значење на овој начин. Затоа што сè што правиме преку музиката, го правиме за оваа наша Македонија, и со сите сили се бориме да опстои нејзината култура и традиција.

**Преполна е салата „Јане Сандански“ на годинешниот концерт на групата.**



# ПОТРЕБЕН Е НОВ ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ!



**На Македонија ѝ е потребен нов Закон за високото образование што ќе се темели на економската реалност и кој ќе креира можности за интегрирање на високообразовните институции на глобалниот пазар, алармира стручната фела.**

**Професорот Зоран Ивановски, проректор за наука и развој на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, смета дека новиот закон мора да обезбеди целосно изедначување на статусот на студентите на приватните со оние на јавните универзитети, што со досегашното решение не беше случај. Ивановски вели оти последниот Закон за високо образование бил донесен без транспарентна јавна дебата, иако дел од академската јавност имала сериозни забелешки на предлог-текстот на законот.**

„Посебно би истакнал дека дури и на Комисиската расправа во Собранието, академската јавност поднесуваше предлози и амандмани на текстот, но тие очигледно не се вклопуваа со партиските интереси, така што речиси ниту еден од предлозите не беше земен предвид и не беше вграден во законот. Кај академската јавност остана впечатокот дека партиските интереси беа ставени над академските“, вели тој.

Според професорот Ивановски, актуелниот Закон е правен повеќе за потребите на јавните



Проф. д-р Зоран Ивановски.
проректор за наука и развој на Универзитот за туризам и менаџмент.

високо-образовни институции, со цел да ги ограничи или да ги прераспредели определени овластувања и надлежност помеѓу органите на Универзитетите и на факултетите, како и да го ограничи времетраењето на функциите.

Професорот Ивановски истакнува дека и покрај дводецениската присутност на приватното високо образование во Македонија, речиси воопшто не биле земени предвид потребите и интересите на овој дел од системот, особено околу можностите да се намалат финансиските обврски на приватните универзитети.

**„Сепак, според мене, претходниот Закон за високо образование не ги акцентираше економската реалност и големината на капацитетот на сите високообразовни институции, кој повеќекратно ги надминува бројките на завршените матуранти, кои згора на сè и секоја година се намалуваат. Економската реалност е дека образованието претставува дејност што може да генерира сериозен девизен прилив за домашната економија, со привлекување странски студенти, односно капацитетите, особено на приватните универзитети се такви што со коректно законско решение може релативно брзо да постигнат ефекти како приватните клиники во земјата, кои редовно привлекуваат корисници на своите услуги од странство, а особено од земјите од окружувањето. Имено, потребно е создавање клима и услови за интегрирање на високообразовните институции од земјата на глобалниот пазар, што не беше нотирано и овозможено со тековниот закон. Тука пред сè мислам на потребата за внесување на можноста за онлајн високо образование, како и на олеснување на процедурите за нострификација на странските образовни квалификации во Законот, со што се креира можност домашните институции да конкурираат на глобалниот светски пазар на високото образование“,** вели професорот Ивановски.

Тековниот Закон, нотира професорот, релативно ниско ги детерминирал критериумите за избор на наставно-научен кадар на факултетите, со тоа што не прави дистинкција околу квалитетот на објавените научни трудови и трудови објавени на научни конференции, а со тоа, вели, се губи мотивот

кај професорскиот кадар да публикува во реномирани научни списанија.

Пандемијата покажа дека иднината на образованието е на платформите што овозможуваат масовно студирање, како и студирање на далечина, со што целиот свет станува пазар и за домашните универзитети. Интеграцијата на земјата во евро-атлантските структури дополнително влијае македонските високообразовни институции да станат попривлечни за студентите од помалку развиените земји од светот.

**„Стекнатото искуство на Универзитетите на тој план треба да се надградува и да се поддржи од страна на државата, за креирање на попрепознатлив бренд на македонско високо образование.  Оттука, според мене, како приоритет се наметнува позиционирањето на онлајн студирањето како рамноправен начин на студирање, но и олеснувањето на процедурата за признавање на странските образовни квалификации, со цел полесен и побрз упис на заинтересираните студенти од странство“**, изјави професорот Ивановски за Магазинот за туризам и менаџмент.

Лошиот квалитет на образованието се должи, пред сѐ, на грешките што се направени во периодот кога државата се одлучи за отворање нови универзитети и дисперзирани единици речиси во секое место во нашата земја, што создаде нелојална и непазарна конкуренција меѓу универзитетите и факултетите во земјата, смета професорот Ивановски.

**„Не е проблем што државата сега гради сопствени капацитети за надворешна евалуација, но би ги истакнал примерите од некои земји, пример, Полска, Чешка и др., кои ги стимулираат и ги финансираат Универзитетите да прават странски акредитации, но и надворешни евалуации. На тој начин, универзитетите се стекнуваат со добри странски практики во високото образование, но и се вмрежуваат со најквалитетните универзитети. Според мене, ова е најлесниот пат за подобрување на квалитетот на нашето високо образование“**, додава тој.

Студирањето во странство секогаш е опција за домашните студенти, но ако ги привлечеме странските универзитети во земјата и ако ги направиме домашните институции поквалитетни, паралелно со посакуваните реформи во земјата, одливот на студенти во странство ќе се намали, вели стручната фела. Во тој контекст, професорот Ивановски смета дека е потребно олеснување на процедурите за акредитација на програми за заедничка диплома и на странски студиски програми што би се реализирале на домашните универзитети, при што   атрактивните странски студиски програми би станале подостапни за нашите студенти без да мораат да студираат надвор од земјата.

**„Светските реномирани рангирања  јасно го покажуваат нашето место споредено со високото образование на развиените европски земји, како и на образованието од САД. Многу поени на таа листа произлегуваат од обемот на објавени трудови во реномираните научни списанија, од квалитетот на научно-истражувачката работа, соработката со индустријата, како и од бројот на странските студенти. Ако не ги направи државата потребните чекори да стимулира објавување на такви трудови и на научно-истражувачки проекти, како и да создаде поволен амбиент за привлекување на странските студенти, тешко може да се очекуваат промени на тој план. Од друга страна, капацитетите на индустријата сѐ уште се ограничени за апсорбирање и за стимулирање на научно-истражувачката и на апликативната дејност на универзитетите, што сепак нѐ наведува на заклучок дека клучот за решавање на напластените проблеми во образованието е во државата“**, вели професорот од Универзитетот за туризам и менаџмент, Зоран Ивановски.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk




**Награда за трајни вредности за ректорот, проф. д-р Аце Миленковски.**

# НАГРАДА ЗА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ ЗА РЕКТОРОТ ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ

Ректорот на Универзитетот за Туризам и менаџмент, проф. д-р Аце Миленковски ја доби наградата „Маж со трајни вредности“ на официјалниот избор на манифестацијата Мажи на годината за 2022 година во организација на „Џентлмен магазин“. На гала-вечерта што се одржа во „DoubleTree by Hilton Skopje“, во присуство на голем број јавни личности од бизнис-заедницата, политичари и дипломати, беа наградени 13-те најуспешни мажи во Македонија за 2022 година.

На официјалното доделување на оваа награда, ректорот Миленковски изјави дека му преставува огромна чест и задоволство да го добие ова значајно признание за неговата професионална и академска кариера.

**„Задоволството е огромно кога вашиот труд и посветена работа ќе бидат препознаени**

# НАГРАДИ

**од експертската јавност, но и од пошироката јавност. Ова е и голема обврска за мене лично, но и за Универзитетот со кој менаџирам, да продолжиме со професионалната работа и да креираме нови академски кадри што ќе останат да работат овде во Македонија. Не е лесно да се биде најдобар. Тоа е привилегија, но и тежок товар“**, рече пред присутните ректорот Миленковски.

Тој се осврна и на целите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, кој ја исполнува својата мисија да создава, да спроведува и да одржува највисок квалитет во образованието.

**„Образованието е најмоќното оружје што можете да го употребите за да го промените светот. Овој цитат на Нелсон Мандела е една од најпознатите изреки за вредноста на образованието. Убавата страна на учењето е тоа што никој не може да ви го одземе ниту наученото ниту процесот на учење“**, порача ректорот пред присутните во салата.

Миленковски рече дека знаењето само по себе не вреди ништо ако не е споделено. Само споделеното знаење ја има моќта да



Ректорот, проф. д-р Аце Миленковски, со дел од професорскиот тим на Универзитетот и лични пријатели.

создава нови светови, нова реалност. Само споделено знаење може да ја придвижи оваа земја напред.

**„Нашата мисија е да создаваме и да споделуваме знаење. Да пишуваме книги со кои знаењето на нашите професори ќе им го пренесеме на нашите студенти. Да држиме часови на кои заедно со нив ќе создадеме ново знаење. Да учиме едни од други, студентите од своите професори, професорите од своите студенти. Впрочем, ние и постоиме за нашите студенти. Зошто ќе ни е знаењето ако не го вградиме во нашата иднина, а како да го сториме тоа без нашите студенти?“**, потенцираше ректорот, кој истакна и дека за наградата се заслужни неговото семејство и целиот тим на Универзитетот, кои ги повика на сцената.

И годинава домаќини на овој гламурозен настан беа актерот и водител Жарко Димоски и водителката Миа Костова. Моќна музичка изведба на сцената имаше Павле Камилоски, кој беше добитник на наградата „Маж со најдобар стил“.

Избрани беа 13 најуспешни мажи, во 13 категории, мажи што ја одбележале 2022 година. Маестро Симон Трпчески ја доби наградата „Маж на годината“ за 2022 година. Симон Трпчески е еден од најафирмираните македонски изведувачи и најдобриот македонски пијанист на сите времиња, човек со беспрекорен музички стил. Тој ја доби и наградата за „Маж со најголем придонес во културата“. Наградата „Маж странец на годината“ ја доби амбасадорот на Јапонија, Хиронори Савада, а во категоријата Маж на годината според социјалните медиуми, публиката го одбра отец Оливер Петровски, најголемиот хуманист во Македонија за изминатата година.

Наградата „Маж на годината според организаторите“ ја доби легендарниот Игор Џамбазов, кој ги претстави сите свои актуелни проекти, но и не заборави емотивно да ѝ се обрати на саканата Илина, која периодов живее во САД.

На петтиот јубилеен избор се избираа мажите на годината што оставиле белег во нашето општество преку своите достигнувања во 2022 година. Изборот го вршеше жири-комисија сочинета од членови од реномирани институции, новинари, претставници од бизнис-секторот, режисери, стилисти. Оваа манифестација традиционално се одржува во ноември, месецот посветен на машкото здравје.

Тринаесетте најуспешни мажи за 2022 година.



ЗПГМ ЗПГМ

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ**



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*

# ТЕМА



**На крајот на секоја година, очекувано, Владата ги заокружува пресметките што сè ќе прибере по основ на давачки, но и како ќе ги потроши собраните пари. Годинава особено внимание привлече ставката капитални инвестиции – дури 800 милиони евра. Аналитичарите скептични, како и секогаш, дека оваа сума воопшто може да се реализира. И додека две третини од државната каса се одвојуваат за плати во администрацијата, трансфери, субвенции, социјална помош, пензии и слично, Владата упорно тврди дека е буџетот развоен. За разлика од извршната власт, Народната банка и меѓународните финансиски институции излегоа со многу попесимистички проекции.**

Историски најголем, но и со огромно задолжување. Вака е скроен предлог-буџетот за следната година, во кој е проектирано Македонија да се задолжи за дополнителни 700 милиони евра, односно дупката во државната каса да изнесува 4.6% од БДП.

# БУЏЕТ 2023 – ПРЕОБЕМЕН И ПРЕМНОГУ ОПТИМИСТИЧКИ



## ВЛАДАТА ПЛАНИРА ДА СОБЕРЕ 15% ПОВЕЌЕ ПАРИ ОД ГРАЃАНИТЕ И ОД БИЗНИСОТ

Министерството за финансии очекува да собере речиси 15% повеќе пари споредено со годинава, најмногу поради воведувањето на даночната реформа. Најавена помпезно, но сепак, со мали промени, од неа, наместо првично ветените 100 милиони, до крај на 2023 година треба да се соберат 70 милиони евра. Од вкупно 4,6 милијарди евра што треба да се влеат во државната каса, само на даноци отпаѓаат 2,6 милијарди евра. Од нив, половина или 1,3 милијарди евра треба да се наплатат од ДДВ или речиси 15% повеќе само од овој вид данок. 431 милион евра треба да се соберат од данокот на личен доход или 17% повеќе од 2022 година, а 239 милиони евра од данокот на добивка, што е зголемување за 21 милион евра. Повеќе пари треба да има и од акцизи и од царини.




Министерството за финансии очекува да собере 15% пари повеќе од граѓаните и бизнисот



Дебата за даночна реформа.

# СЕРИОЗНА ДАНОЧНА РЕФОРМА ИЛИ БЛАГИ ПРОМЕНИ?

Кон средината на август, Министерството за финансии излезе со информација дека во следните неколку месеци ќе организира широка дебата со сите засегнати страни (професори, аналитичари, стопански комори, синдикати, државни институции) за да се спроведе севкупна даночна реформа бидејќи за разлика од развиените европски држави, па дури и од соседите, Македонија потфрлила во собирањето на даночните приходи. Неколку даночни измени требаше да стартуваат во 2023 година, откако претходно, уште пред пандемијата беа одложени за три години. Па така, во консултациите со сите заинтересирани страни, се разговараше за сѐ и сешто: да се продолжи со идејата за прогресија кај данокот на личен доход, да се плаќа данок на реинвестирана добивка, да се плаќаат придонеси за хонорарците, да се укинат некои даночни ослободувања и олеснувања. Бизнисмените беа децидни – строго се против какви било измени. За нив неразбирливо беше што Владата воопшто и размислува за вакви опции за полнење на буџетот бидејќи стопанството веќе алармираше дека поради високите цени на енергенсите, горивата и на поскапените суровини и репроматеријали, едноставно не е време за нови оптоварувања со дополнителни давачки. Тие мислеа дека ако се одложила реформата еднаш за три години, во услови на енергетска криза и на предупредувања дека половина од компаниите имаат финансиски тешкотии, новото пролонгирање ќе биде само формалност. Кога беше објавена даночната реформа на почетокот на декември, речиси еден месец по усвојувањето и по презентирањето на предлог-буџетот од страна на Владата, бизнисмените беа целосно затекнати. Веќе направените планови сега треба да ги ревидираат, а за тоа има сѐ помалку време. Речиси сите ја осудија власта за неодговорниот однос кон бизнис-заедницата.

## ПРОГРЕСИВНИОТ ДАНОК – ОДЛОЖЕН НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

Владата се откажа од речиси сите социјалдемократски идеи што го донесоа на власт СДСМ – особено кога е во прашање прогресивниот данок. Идеја првично спроведена од тогашниот министер за финансии Драган Тевдовски, а по 10 месеци повлечена со решение од министерката Нина Ангеловска, осумнаесетте проценти кај персоналецот требаше повторно да профункционираат во 2023 година. Сепак, на само еден месец пред спроведувањето, Владата се откажа од оваа идеја. Иако подоцна премиерот напомена дека всушност Владата не го укинала овој данок, туку дека повторно ќе се разговара за негово воведување, но можеби со поинакви стапки, тој не потенцираше кога би се случило тоа.

Бизнисот куртули од прогресивен данок и од данок на реинвестирана добивка, но доби укинување и намалување на даночните ослободувања. Генералната оцена е дека Владата попушти под притисок на фирмите и се откажа од ветувањето со кое СДСМ дојде на власт. Бизнисите упорни – прогресијата кај кој било данок не била добро решение, а довербата на фирмите во функционирањето на државниот апарат била на ниско ниво.

**„Ние не сме подготвени за прогресивен данок во која било сфера, затоа што сè уште не е изградена личната одговорност и довербата на граѓаните кон целокупниот систем“,** вели Миле Бошков од Бизнис-конфедерацијата на Македонија.

Бизнисот не верува дека Владата има сериозна намера да се бори со сивата економија. Со ист број даночни инспектори, ист број контроли, без дополнително следење на приливите и на одливите на пари, тешко дека ќе можело да се откријат повеќе затајувачи на данок. Едноставно се револтирани зошто дополнително се оптоваруваат оние што уредно си плаќаат, за сметка на огромната застапеност на сивата економија во земјава. Според последните анализи на „Фајненс тинк“, обемот на сива економија во земјава во 2020 година изнесувал 23%.




**„Ние предложивме и да се смени Кривичниот законик во однос на измама по основ на данок, кој било данок, за да може да има затворски казни, за да може да има кривично гонење итн., за да можат навистина оние што се потпираат на приходи од даночно затајување да знаат дека системот може да ги следи, да ги спречи, да ги казни“,** рече Миле Бошков од Бизнис-конфедерација на Македонија.

Една од реформите е оданочувањето на уплатите во третиот доброволен пензиски фонд, кој за бизнисот е тежок удар. Некои фирми го користат токму овој метод за да ги задржат и за да ги мотивираат работниците. Економистите велат дека без даночни ослободувања, компаниите ништо не прават на своја рака, па во иднина доброволното пензиско осигурување ќе се сведе на минимум.

**„Треба да имаме предвид дека ние не сме развиена држава во која доброволно даваш средства за да станат тие огромни до твоето пензионирање. Во оваа држава доброволно ништо не се прави. Не знам сега новите генерации, ИТ-професионалците можеби сами си доплаќаат. Од третиот столб не видов дека нешто сензационално може да ни се случи“,** вели економистот Абил Бауш.

Економистите сметаат дека и фискалните ефекти од можноста хонорарците сами да си плаќаат придонеси ќе бидат минимални. ИТ-професионалците, маркетинг експертите, фриленсерите имале високи плати, па тешко

било да се очекува да си уплатат на своја рака здравствено осигурување кога е државното здравство во катастрофална состојба.

**„Ми звучи нелогично ако ви е неорганизирано здравството, некој да дава пари и да го поддржи, а да не добие некоја квалитетна услуга. На овие фриленсери им е многу поевтино да се осигуруваат во приватни компании и да бидат прегледувани во приватното здравство. Од друга страна, ако ги гледате овие фирми што доаѓаат од странство, особено дигиталните компании, тие пак, имаат директно потпишано договори со приватните болници во кои вработените се лечат“**, вели Бауш.

Даночниот експерт Павле Гацов, пак, вели дека е добро што се отворила нова тема за дискусија, а тоа е воведување данок на екстра профити за фирмите што заработиле над 20% повеќе годишно споредено со профитите од пред 4 години. Надлежните пресметале дека само по овој основ, во државната каса би можеле да се слеат дополнителни 50 милиони евра. Некои сметаат дека Владата требала уште сега да се охрабри и од 2023 година да го спроведе ова решение. Гацов тврди дека е идејата добра, но и дека треба да претрпи измени.

**„Се најави нова ‚мегатема' со евентуално воведување данок на екстра профит за компаниите чиј профит е поголем од 20% од нивниот просечен профит за последните четири години, притоа имајќи предвид дека во 2020 и во 2021 година, повеќето од компаниите имаат остварено многу ниски профити, дури и загуби, со што и споредбениот просек од кој ќе се мери екстра профитот би бил прилично низок. Овој режим би ги опфатил само побогатите фирми. Во овој контекст, добар параметар за оданочување би бил соодносот на учеството на платите, од една страна, и нето-добивката од друга во однос на вкупните приходи. Би се оданочувале компании што за сметка на платите на работниците, остваруваат високи профити за сопствениците. Компаниите што искажале висок раст на профит во однос на малиот раст на платите на вработените би платите данок на екстра профит. Засега, даночните власти не размислуваат за ваква опција“**, вели Гацов.

Таканаречените луксузни производи ќе се оданочуваат со стапка од 10% наместо со 5%. Овде се опфаќаат неколку илјади видови производи. Стапката на ДДВ се намалува од 18% на 5% за производи за менструална хигиена.

**„Имате за тартуфи 5%, имате за други егзотични производи, има за морски кучиња и морски мачки. Имате и такви производи што ние во земјата никогаш не сме ги виделе. Ако има некој граѓанин приход, легитимно, чесно заработен, секоја му чест, може да си дозволи да ги користи тие производи, но нека плати 10% наместо 5%. Тоа секој наш граѓанин ќе знае да го цени и тоа ќе биде така транспарентно напишано. Сите ќе знаат за што зборувам. Ние не велиме дека оваа категорија производи ќе оди на 18%, иако можеби и тоа е праведно“**, вели министерот за финансии Фатмир Бесими.

Меѓу измените, петкратно се зголемуваат казните за злоупотреби при плаќање данок на добивка, а малите и микропретпријатија ќе може да изберат да плаќаат или данок на добивка или данок на вкупен приход. Владата во наредниот период ќе ја разгледува и можноста за организирање еднаш до двапати годишно „Викенд без ДДВ“, исклучиво за празници, и тоа само за основните прехранбени производи.



## РАСХОДИ ОД РЕКОРДНИ 5,3 МИЛИЈАРДИ ЕВРА

Расходите во буџетот за 2023 година ќе тежат рекордно највисоки  5,3 милијарди евра, приближно 600 милиони евра повеќе од годинава. Со овие пари треба да се платат плати, пензии, социјални трансфери, да се градат капитални објекти и да се вратат стари долгови.

## ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ЛИ КОНЕЧНО ВКУПНИОТ ОБЕМ НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ?

На расходната страна убедливо „бодат очи“ капиталните инвестиции проектирани на историско највисоко ниво од 800 милиони евра. Тоа е за 200 милиони повеќе во однос на ребалансот и дури 300 милиони повеќе од првично планираното за годинава. Очекувано, експертите критикуваат дека се работи за нереална проекција и за „напумпана сума“, од која сигурно ќе се крати во првата можност. Според нив, буџет од 5,3 милијарди евра во никој случај не може да биде развоен, ако се проектира раст од едвај 2,9%.

„Владата треба сериозно да почне да размислува како подобро да го крои Буџетот, а кој би овозможил фер третман кон сите граѓани на државата, кон стопанството и кој понатаму би имал сериозно влијание врз економскиот раст и развој на државата. Капитални инвестиции не се само патишта, тоа е инвестирање во човечкиот капитал, а тоа е скандалозно. Верувајте ми, од она што го знам според извештаите на реномираните институции, како што е Светската банка, лошо ни се пишува зашто сме неспособни дома да менаџираме. На дното сме во Европа според капитални инвестиции, тука не се само патишта, тука се и болници, училишта што се веќе изедени од забот на времето, катастрофа сме како земја. Затоа ќе повторам: ако не инвестираме во човечкиот капитал, ама сериозно – ќе не снема“, вели економистот Абил Бауш.

Сепак, Владата сака да потроши рекордно најмногу за Коридорот 8, за делниците Тетово – Гостивар – Букојчани, како и за проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан, за Коридорот 10 за делницата на автопатот Прилеп – Битола. Пари ќе има и за железницата до Бугарија, која екстремно бавно се гради и која претрпе голем застој, а финансии треба да има и за колекторскиот систем Охрид-Струга, за водовод и канализација, гасификација, хидросистемот Злетовица и друго.

Капиталните инвестиции во образованието, пак, опфаќаат изградба на објект за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, продолжување на изградбата на објектот кај ФИНКИ на Факултетот за физичка култура во Скопје, а ќе се гради и нов објект на гимназијата „Сами Фрашери“ во Куманово.

**Најавена изградба на нов објект на гимназијата „Сами Фрашери“ во Куманово.**






Фатмир Бесими, министер за финансии.



# 570 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ПЛАТИ ЗА БУЏЕТАРИТЕ

Владата не планира да штеди на плати во администрацијата. Напротив, буџетот за оваа намена се зголемува за 27 милиони евра, со што ќе се потрошат рекордни 567 милиони евра за платите на буџетарите.

Затоа, пак, бурна реакција дојде од Сојузот на синдикатите. Откако во Собранието не беше прифатен нивниот амандман за 15% пораст на платите во администрацијата, велат дека предвидените пари само за усогласување на платите во јавниот сектор не се доволни за пораст на минималната плата. Според пресметките на синдикатот, минималецот треба да скокне за 1.800 до 2.000 денари, односно да достигне околу 20 илјади денари. ССМ смета дека нема пари за 120 илјади луѓе да добијат зголемена минимална плата.

**„Не знаеме од кои причини, пратениците од социјалдемократската влада работат надвор од социјалдемократските вредности. Наместо да се грижат за работниците, тие ги занемаруваат. Наместо да имаат достоинствен живот, се обидуваат да им го одземат достоинството, па работниците да се запрашаат дали им е местото да живеат во Македонија или да си го бараат чарето некаде во странство“**, вели Слободан Трендафилов од ССМ.

Министерот за финансии Фатмир Бесими, пак, уверува дека пари за пораст на минималната плата ќе има.

**„За да се изменаџира овој процес и за да не се влегува и во иднина со нереални и неиздржани барања, воспоставивме систем во Законот за минимална плата. Согласно системското решение, минималната плата ќе се усогласува со трошоците за живот и со порастот на просечната плата, еднаш годишно. Ова е системско и праведно решение, кое е и во насока на одржување на стандардот на граѓаните“**, рече Бесими.



Дебата за предлог-буџетот во Собранието.



Министерот за образование Јетон Шаќири го презентира буџетот на МОН.



## ЗГОЛЕМЕН БУЏЕТОТ НА ВЛАДАТА

Зголемен е буџетот и на Владата, која во 2023 година ќе потроши 300 милиони евра. Од овие пари треба да се одвојат 236 милиони евра за мерки за помош на граѓаните и на фирмите.

Поголеми буџети имаат најголем број министерствата. Сепак, пари се скратени токму кај едно од најважните, она за труд и социјала, кое има најголем буџет од 868 милиони евра и од кое се подмируваат социјалните категории граѓани.

За 10% се зголемува сумата за пензиите, но драстично растат и трансферите од централната власт кон Фондот, кои догодина ќе достигнат 554 милиони евра. Тоа е за речиси 60 милиони повеќе од годинава. За пензионерите следната година се издвоени дополнителни 120 милиони евра или вкупно 1,2 милијарди евра за пензиите што се зголемени. И Фондот за здравство ќе добие повеќе пари од централната власт, па трансферите ќе изнесуваат 68 милиони евра.

Помалку пари има за министерството за економија, за земјоделство и за платежната агенција од која се даваат субвенции за земјоделците.

Жестоки реакции веќе предизвика и буџетот на Министерството за образование и наука, тежок 450 милиони евра, кој е за 8,4% поголем споредено со годинава. Во него се предвидени за една третина помалку средства за реновирање на студентските домови и за студентскиот стандард.

Повеќе пари ќе добијат и единиците на локалната самоуправа. Премиерот Ковачевски порача дека за 2023 година се планирани вкупно речиси 434 милиони евра во ДДВ и блок-дотации кон општините, во кои се вброени средства и за исплата на покачените плати на 40.000 просветни работници. Финансиите од Владата кон општините се зголемени за 57,5 милиони евра споредено со 2022 година.



# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО БОБАН СТЕФКОВСКИ,

### градоначалник на Општина Гази Баба

„Граѓаните се тие што одлучуваат како и каде ќе се трошат парите од буџетот бидејќи се тоа пари на граѓаните. Секое населено место го посетив лично и можам да кажам дека идеите на граѓаните се добредојдени и ќе бидат реализирани“, вели градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски, во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Како поранешен член на Советот на Општината, тој лесно ги детектира проблемите на жителите со кои се соочуваат секојдневно. Стефковски од првиот ден откако седна на градоначалничката фотелја, посочи дека има план и визија како заедно со граѓаните да ја направи општината подобро место за живеење.



Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба.

# СТЕФКОВСКИ: ГАЗИ БАБА ЌЕ СТАНЕ ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ

**Помина повеќе од една година откако сте градоначалник на Општина Гази Баба. Ова е ваш прв мандат, но работата за вас не е непозната бидејќи во минатото бевте дел од Советот на Општината. Исто така, вие сте израснат во Гази Баба и добро ги познавате проблемите на Општината. Колку сте задоволни Вие, како нејзин прв човек, од сработеното досега?**

За мене како човек што е роден и кој е израснат во општината, беше голема чест, но уште поголема одговорноста кога ја добив довербата од граѓаните да ја водам Гази Баба. Денес, по една година од мојот мандат, можам слободно да кажам дека сум задоволен од она што го сработивме. Доказ за сработеното е отчетот на 80 страници што го дадов пред граѓаните. Реализиравме 210 нови проекти, Општината ја отворивме за граѓаните и на сите злоупотреби вршени во минатото им ставивме крај.

**Во екот на економска криза, ветивте дека**



Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба.

**чесно ќе ги трошите парите на Општината. Неодамна ги повикавте граѓаните да дадат свои предлози и со тоа директно да учествуваат во кроењето на буџетот за идната година. Дали можеби веќе добивте конкретни идеи за 2023 година?**

Кога ја побарав довербата од граѓаните за да бидам градоначалник на Општина Гази Баба, ветив отчетно и транспарентно работење. И тоа денес во општината е реалност. Граѓаните се тие што одлучуваат како и каде ќе се трошат парите од буџетот бидејќи се тоа пари на граѓаните. Во насока на подготовка на буџетот за 2023 година, спроведовме еден сеопфатен граѓански дијалог со директни средби со граѓани во месните и во урбаните заедници во целата општина. Секое населено место го посетив лично, заедно со тим од општинската администрација. И можам да кажам дека сум задоволен бидејќи граѓаните масовно присуствуваа на средбите и ги даваа своите идеи. Конципиравме развоен буџет за 2023 година, во рамки на кој се обезбедуваат средства за нови детски градинки, нови асфалтирани улици, детски катчиња, спортски игралишта, фекални канализации и голем број други проекти што ќе ја направат Општина Гази Баба подобро место за живеење.

**Кои ќе бидат приоритетни проекти во идната 2023 година и колку од нив не се предвидени во Вашата предизборна програма, туку се дополнителни идеи што планирате да ги реализирате?**

Со моето доаѓање за градоначалник на Општина Гази Баба, изборната програма ја преточив во програма за работа на Општината бидејќи граѓаните ги поддржаа програмата и ветувањата дадени во неа. Јас ниту едно свое ветување што сум го дал пред граѓаните го немам заборавено. Напротив, работиме посветено на реализација на секое од нив. Во буџетот за 2023 година предвидуваме реализација на голем број проекти. Секако најголем дел од нив се дел од изборната програма, бидејќи имам обврска пред граѓаните да ја реализирам, но предвидени се и проекти што ги немав ветено во изборната програма. Кога би требало да посочам еден таков проект, со гордост би го

истакнал проектот 5.000 денари за секое новородено дете во Општина Гази Баба, проект што во изборната програма беше ветен како еднократна парична помош за секое прво родено дете, но по доаѓањето во Општината, проектот го изменив и за првпат во историјата, Општината доделува 5.000 денари за секое новородено дете на нашата територија.

**Кои се најголемите проблеми со кои се соочува Општината?**

Гази Баба е составена од урбан и од рурален дел, а проблемите со кои се соочуваат граѓаните во урбаниот и во руралниот дел не се исти. Најголемиот проблем за Општина Гази Баба е недостигот од фекална канализација во поголем дел од населените места во руралниот дел на општината. Во насока на решавање на овој проблем, во изминатата година изградивме 9 километри нова мрежа на фекална канализација во повеќето населени места.

**Дали имате соработка со власта и колку има таа слух за идеите што ги презентирате, а за кои Ви е потребна нивна поддршка?**

Со жалење можам да констатирам дека централната власт нема слух за реализација на проекти што Општината не е во можност со сопствени средства да ги финансира, од типот на училишни згради, нови детски градинки и слично. Кога дојдов за градоначалник, испратив писмо до министерството за образование и наука, каде што во тоа време беше министер Мила Царовска. Во писмото побарав информација за тоа кога е во план Владата да определи средства за изградба на нова училишна зграда на ООУ „Крсте Мисирков" во Ченто, за која е подготвен проект, а издадено е и одобрение за градење. На ова мое писмо, добив одговор дека во 2022 година ќе се обезбедат средства за изградба на училиштето. Со одлука Владата се определија само 1.200.000 денари за изградба на ова училиште, а вредноста на проектот е околу 72.000.000 денари. Висината на определените средства зборуваат за тоа дека Владата нема намера да го изгради училиштето. Неколку пати имам кажано, но ќе повторам и сега, Владата не ги казнува градоначалниците со нереализација на проекти бидејќи тие проекти не се за градоначалниците, туку се за граѓаните. Функциите се менливи, остануваат само реализираните проекти да зборуваат за секој што ја добил довербата да раководи со една институција.

**Колку често остварувате контакти со градоначалници од други општини и дали имате проекти што ги реализирате заеднички?**

До неодамна бев претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион, во кој членуваат градоначалниците на општините од Скопскиот регион и од градот Скопје. Самото тоа бараше постојана координација и комуникација со колегите градоначалници, без разлика на политичката припадност, па можам да истакнам дека имав со сите нив коректна соработка во насока на изнаоѓање различни фондови и средства за реализација на нови проекти во која било општина од Скопскиот регион. Таа комуникација продолжува и сега, секако дека комуницирам со колеги од општини низ државата, но и надвор од неа, сè со цел да размениме искуства по однос на определени проблеми и прашања.

**Во ек на енергетска криза, кога ги повика Владата општините да штедат, вие јавно порачавте дека сте против онлајн настава за учениците. Дали и како успева Општината да менаџира и да ги намали сметките за електрична енергија оваа зима?**

Апсолутно ќе потврдам и сега. Категорично сум против воведување онлајн настава во училиштата. Има многу други работи на кои може да се скратат средства, но во ниту еден случај тоа не треба да биде на штета на децата и на младите. Сметките за електрична енергија се двојно зголемени, ние како општина спроведовме интерни мерки за штедење во насока на целосно укинување на

непродуктивните трошоци. Така, во 2022 година имаме потрошено нула денари за репрезентација, воведовме систем за надзор над движењето на службените возила и со тоа се воведе ред на користење на службените возила единствено за службени цели. Јас како градоначалник не користам службено возило, обврските ги реализирам со приватното возило и комплетните трошоци околу тоа ги покривам од личните примања. Ако работиме чесно и домаќински со буџетот, тогаш пари ќе има за сè.

**Велите дека „Инвестирањето во образованието е инвестирање во иднината". Кои инфраструктурни проекти може да ги наведете како завршени или како такви што се во тек?**

Тоа што го велам и го мислам. Да се инвестира во образованието, значи да се инвестира во иднината. Во годината зад нас ги реконструиравме училишните спортски сали во ООУ „Григор Прличев" во Железара и ООУ „Дане Крапчев" во Ченто, отворивме сензорна соба во ООУ „Дане Крапчев", како и катче за учење и дружење во ООУ „Стив Наумов" во Автокоманда. Опремивме кабинети за практична настава по природни науки во повеќе основни училишта. Ја продолживме изградбата на новата училишна сала во ООУ „Кирил и Методиј" во Стајковци, а наскоро ќе почне и изградбата на новата училишна сала во ООУ „Наум Охридски" во Булачани. Претходно, го споменав и проектот за нова училишна зграда за ООУ „Крсте Мисирков", за која ако не обезбеди Владата средства за изградба во 2023 година, како градоначалник преземам обврска Општината преку најразлични начини да обезбеди финансии и самостојно да ја изгради.

**Загадувањето е еден од најголемите проблеми на граѓаните на Македонија. Дали преземате Вие, како градоначалник, определени мерки што може да помогнат за намалување на штетните честички?**

Заштитата на животната средина е на врвот на приоритетите на мојот мандат. И првата година од мандатот можам слободно да кажам дека е година на животната средина во Општина Гази Баба. Засадивме над 5.000 нови садници, воведовме субвенции за граѓаните за набавка на велосипеди, електрични тротинети, чистење на оџаци, како и за вградување уреди за течен нафтен гас на возилата, додека средствата за субвенции за инвертер-клима, уреди и за печки на пелети двојно ги зголемивме. Исчистивме над 70 диви депонии од јавните површини, изградивме нови зелени паркови на површина од над 12.000 метри квадратни. Граѓаните паметат дека минатото раководство на Општината имаше започнато постапка за отворање нов хемиски отпад во делот над индустриската зона Железара. Оваа постапка, онака како што ветив во првата недела од мандатот, со решение ја поништив. Едноставно, додека сум јас градоначалник на Општината, граѓаните може да бидат спокојни

Градоначалникот Стефковски на терен.





Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба.



дека нема да дозволам на ниту еден метар квадратен отворање нова загадувачка индустрија.

**Новогодишните празници се радост за сите граѓани, но украсувањето секоја општина ја чини многу пари. Колку потрошивте Вие годинава за украсување?**

Имајќи ги предвид економската и енергетската криза во која се наоѓаме, одлучивме оваа година да не спроведуваме постапка за новогодишно украсување, а средствата да ги насочиме кон реализација на нови проекти.

**Може ли да ни кажете како поминува еден ваш работен ден како градоначалник?**

Мојот работен ден најчесто е поделен на два дела. По доаѓање во Општината, најчесто некаде околу 8:30 часот, сѐ до 11:00 часот, одржувам секторски колегиум со сектори од општинската администрација, на кои го разгледуваме степенот на реализација на започнатите проекти, како и на оние проекти што треба да се започнат. Во вториот дел од денот практикувам работа на терен со увид во градежните активности, средби со граѓаните и слично, бидејќи работата на градоначалникот не е во својата канцеларија, туку на терен. Работниот ден ми завршува попладне, околу 18:00 часот, со состанок со личните соработници со кои ги координираме и ги планираме теренските активности, како и разговори за определени проекти на чија реализација се појавил некој проблем.

**Вашата функција бара многу време и внимание посветени на работните обврски. Вие сте сопруг и татко, колку Ви дозволува работата да имате слободно време за да му се посветите на семејството?**

По изборите и по добивањето на довербата од граѓаните, она што најмногу се промени во мојот живот е намаленото слободно време за семејството поради обврските бидејќи позицијата градоначалник не познава работно време. Многу често се случува по доаѓање во домот, да се појави определен проблем, па да морам да излезам и лично на терен. И јас сум им благодарен и на сопругата и на моите Марио и Матео за разбирањето и за поддршката што ми ги даваат, бидејќи тие се мојот мотив, тие ми ја даваат најсилната енергија. Но, и покрај тоа, во попладневните часови знам да го придружувам поголемиот син Марио на тренинзите по фудбал, а со помалиот син Матео е резервирано следењето на фудбалските натпревари во овој период кога се одржува светското првенство.

# ПОПОВА ШАПКА – ЌЕ СЕ РАЗБУДИ ЛИ ОД ЗИМСКИОТ СОН ЗАСПАНАТА СКИ-УБАВИЦА?



Панорама на Попова Шапка.
*Извор: **elemturs.mk***

Бугарските Банско, Боровец и Пампорово ни ги земаа македонските туристи. За достигнувањата на Копаоник и на Златибор не станува ниту збор. Одамна македонските скијачки центри убедливо губат во трката со соседите. Развојот на неколкуте нови скијачки дестинации во земјава е или на почеток или, пак, идеите за нивна реализација веќе пропаднаа. Неодамнешната најава дека странски инвеститори ќе вложуваат милионски суми за ревитализација на најстариот ски-центар во земјава, Попова Шапка, ги подгреа надежите дека сепак ќе го задржиме чекорот во борбата за привлекување на вљубениците во зимските спортови.





Кон крајот на ноември, од Владата стигна радосна вест – по долги години зачмаеност, конечно се нашол странски инвеститор што сака да ѝ ги врати на Попова Шапка ликот и реномето што го заслужува. Се работи за италијанската компанија „Техноалпин“ од Болцано, Јужен Тирол. Надлежните на големо се пофалија дека фирмата специјализирана за производство и за инсталирање на системи за вештачки снег, дизајн на скијачки терени и на скијачки зони, со 30-годишно искуство, најавила дека ќе ја реновира и ќе ја развие Попова Шапка во модерен и реномиран зимски центар. Владата веќе го прифати предлог-проектот за стратешка инвестиција односно партнерство. Со „Техноалпин“ треба да се склучи договор за концесија. Италијанската компанија проценила дека инвестицијата ќе ја чини вкупно 186 милиони евра. Инвестицијата треба да се реализира почнувајќи од 2023 година и да се одвива во шест инвестициски фази, од кои првата изнесува приближно 55 милиона евра.

На официјалната веб-страница на компанијата стои дека таа опслужува над 2.400 клиенти во голем број земји. Фирмата располагала со буџет само за иновации од околу 6 милиони евра и вработува над 600 лица на 16 локации во 13 држави низ светот.

Министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, е оптимист дека заспаната зимска убавица повторно ќе светне во целиот свој сјај.

**„Станува збор за голем инвестициски проект што е резултат на нашите напори да ги заштитиме природните вредности, но и да обезбедиме развој. Оваа компанија, по направеното истражување, понуди амбициозен план за развој, иновации и раст на ски-центарот Попова Шапка, кој се карактеризира со модернизација на постојната ски-зона и нејзино територијално проширување, како и со подобрување на примарната инфраструктура и на туристичко-сместувачките капацитети“,** вели министерот за животна средина, Насер Нуредини.

Планот е да се реновираат постојните капацитети, да се постави систем за правење снег, да се прошири скијачката зона со нови објекти и патеки, но и да се реновираат и да се прошират хотелите и да се изградат нови хотелски капацитети. Надлежните најавуваат изградба на асфалтни паркиралишта, велосипедски патеки и создавање услови за други рекреативни активности, со што овој центар ќе добие можност да се вброи во најмодерните европски зимски центри.

Директорот на „Елем Турс“, Адем Авзиу, за следната година ги најавува новите инвестиции под услов се одвиваат како што треба сите процедури за склучување на договорот со новиот инвеститор. Во бизнис-планот и мастер-планот што го доставила компанијата до комисијата за стратешки инвестиции, било сè до детали  елаборирано. Во првата фаза било предвидено проширување на скијачките терени во левиот дел во близина на двоседот „Свети Илија“, со што би се направиле жичарница со шест или со осум лифта и две нови скијачки патеки. Во првата фаза се планирало да се инвестира во двоседниот ски-лифт, кој треба да биде заменет со ски-лифт со шест седишта, а планирана била и целосна инвестиција во системот за вештачки снег на теренот „Свети Илија“ и „Поток 1 и 2“. Исто така, се планираат шестосед и поврзувачки патеки, реновирање на хотелот „Славија“ и обнова на инфраструктурата со цел заживување на Попова Шапка.

Попова Шапка порано беше предизвик за врвни имиња на зимските спортови, но, за жал, долгогодишното неинвестирање и запоставување на дестинацијата доведе до сериозен застој и неискористеност на бројните можности и потенцијалот за развој на туризмот што ги нуди овој планински предел.

# СЕ ФОРМИРА НОВО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СКИ-ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА“

Пред да се реализира инвестицијата на италијанската фирма, клучно е надлежните да ги направат неопходните чекори и да ги создадат сите услови за вложувањето да стане реалност. Првиот чекор веќе беше направен. Државните електрани АД „Електрани на Северна Македонија“ го одвоија имотот на фирмата-ќерка „ЕЛЕМ Турс“ со формирање на две нови претпријатија. Едното ќе го носи името „Ски-центар Попова Шапка“ ДООЕЛ Тетово, кое понатаму ќе треба да биде преземено од стратешкиот инвеститор „Техноалпин“. Второто претпријатие е ЕСМ „Молика“, под чија сопственост е истоимениот хотел на Пелистер. На компанијата „Ски-центар Попова Шапка“ директор ќе биде досегашниот прв човек на „ЕЛЕМ Турс“, Адем Авзиу.

Авзиу за македонските медиуми изјави дека очекува новоформираното претпријатие да му го предаде својот имот на стратешкиот инвеститор до следното лето преку договор за концесионирање.

**„Постапката на издвојување од ЕЛЕМ Турс е завршена. Следната фаза е преговарање со стратешкиот инвеститор по сите предлози. На крај, ќе се потпише договор, кој потоа ќе треба да биде одобрен од Собранието. Во меѓувреме ќе работи стручниот тим на Владата, а колку што знам, имотот ќе оди на користење кај инвеститорот како концесија“,** вели Авзиу.

Ски центар Попова Шапка.



# ЌЕ СЕ ОБНОВИ ЛИ ГОНДОЛАТА ШТО ГО ПОВРЗУВАЛА ТЕТОВО СО СКИ-ЦЕНТАРОТ?

Најчеста глетка во текот на зимските месеци кога скијачката сезона е во полн ек е закоченост на сообраќајот. Ако тргнете од Скопје преку Тетово кон Попова Шапка, ќе треба да поминете во пат со автомобил минимум два часа, и тоа само ако тргнете навреме во раните утрински часови. Тетово како град е особено блокиран во текот на викендите. Патот до Попова Шапка често е неисчистен, а поради тоа што е тесен, сообраќајот се одвива отежнато. Неретко и најголемите ентузијасти се одлучуваат да се вратат назад без воопшто да стигнат до крајната дестинација. Други, пак, се паркираат и неколку километри далеку од ски-центарот, па пешачат дотаму. Има и такви што само застануваат покрај патот и ги пуштаат децата надвор колку да подишат чист воздух, ако може воопшто да се каже дека воздухот во околината на Тетово е чист. „Најсреќните" се оние што нашле паркинг во самото срце на центарот, но за да најдат соодветно место за паркирање, сигурно потрошиле многу време, кое ги чинело многубројни нервози.

Токму затоа, тетовчани, но и другите скијачи што сакаат да одат на Шапка, неизбежно го поставуваат прашањето дали е конечно предвидено во планот на новиот инвеститор да се реновира и гондолата, која во минатото го поврзувала ски-центарот со градот Тетово.

Кога стапи на функција пред една година, градоначалникот на Тетово, Билал Касами, најави оптимистички дека гондолата ќе проработи. Тој тогаш ги повика на соработка институциите на централната власт, граѓанскиот сектор и другите за правилно изготвување на деталниот урбанистички план. Исто така, како дел од планот за 2022 година, предвидена е и изградба на една катна паркинг-гаража на Попова Шапка, со што би се обезбедиле над 900 паркинг места.

Според досегашните анализи, процените се дека изградбата на гондолата долга 7 километри би чинела околу 20 милиони евра. Оваа инвестиција би придонела да се зголеми потрошувачката во рамките на ски-центарот во текот на целата година. Исто така, со ова значително ќе се намали потребата за сообраќај од и кон Попова Шапка, ќе се намали и загадувањето, како и зависност од постојано чист пат во зимскиот период.

Надлежните уверуваат дека и изградбата на гондолата била дел од преговорите со странскиот стратешки инвеститор „Техноалпин" и се надеваат дека ќе биде обновена, односно дека ќе биде дел од пакетот на реновирани жичници и ски-лифтови.

Тетово и ски-центарот Попова Шапка во минатиот век биле поврзани со најдолгата гондолна-жичница на Балканот. Таа е надвор од функција по воениот конфликт во 2001 година, опремата е оштетена, а сајлите на повеќе места се искинати. Возењето во гондоли за четири лица траело 40 минути, со капацитет на опслужување од околу 400 луѓе на час.

**Старата гондолна жичница не се користи по конфликтот.**
*Извор: Зоран Андонов*



# ПОПОВА ШАПКА ПОЛНА СО ДИВОГРАДБИ

Проблемот со бројот на изградени дивоградби во Македонија е добро познат и распространет феномен што достигнува астрономски размери. Сепак, желбата да се има викендичка на атрактивно место близу ски-центарот Попова Шапка доведе до масовна градба на овој потег. Најголем број од куќите не поседуваат одобрение за градба, а камоли сопствениците да имаат имотен лист за објектите. Масовната узурпација на државно земјиште на Шапка достигнува невидена дрскост од страна на „градителите“, процесот не престанува, а законот за легализација на дивоградби само ја влоши работата – едноставно, им овозможи токму на оние што ги изиграле и ги заобиколиле прописите и правилата, да си ги легализираат градбите, и тоа за едно евро за квадратен метар.

Процените на здружението на граѓани каде што членуваат сопственици на викендици се дека од над 700 објекти во викенд-населбата, околу една третина или околу 250 се во процес на легализација, односно дека досега постоеле како дивоградби.

Од Општина Тетово, пак, со податоци за помал број куќи што чекаат разрешница на процесот за легализација на дивоградбите.

**„Во овој момент се водат 125 предмета за легализација на објекти на Попова Шапка. Од нив, за 60 треба да се излезе на терен и да се утврди фактичката состојба, а на другите 65 им недостига документација, која треба да ја достават“,** велат од Секторот за урбанизам.

Неколку објекти се веќе срушени, но сè уште недонесениот ДУП на овој потег ја отежнува работата. Градоначалникот на Тетово, Касами, се пожали дека општината наследила хаос околу легализацијата на тие објекти и дека процесот оди тешко затоа што целата викенд-населба се води како една парцела на име на државата.

**„На Попова Шапка има многу градби во фаза на легализација. Во следниот период сите тие ќе бидат пуштени на Совет, каде што ќе се одлучи дали ќе се прифати или ќе се одбие легализацијата. Согласно таа ситуација, ќе знаеме што понатаму. Тоа треба да го направи стручно тело, а на Совет ќе се даде конечна одлука, затоа што таму се работи за државно земјиште. Ние не сакаме никој во општината да преземе одговорност за легализација врз државно земјиште. Ако одлучи Советот дека може во тој дел да се легализира, тогаш како администрација тоа ќе го прифатиме“,** изјави Биљал Касами.

Од Македонското еколошко друштво велат дека со прогласувањето на Шар Планина за национален парк, се стеснуваат и можностите за самоволие на поединци, но и се зголемува одговорноста кај надлежните за подобро управување со природното богатство. Оттаму, сметаат дека новиот национален парк треба да работи според својот План за управување, во кој јасно е пропишано дека нови туристички објекти и викендици не смеат да се градат во зоната на строга заштита и во зоната на активно управување во заштитеното подрачје.

Според процените, во викенд-населбата Попова Шапка има 700 викендици, од кои 250 чекаат на легализација.

**Шапка врие од дивоградби.**
*Извор: 100janovska.b*



# ДУРБИН





## „СЕНТ РИЏИС“ ГО ИЗГРАДИ НАЈЛУКСУЗНИОТ ХОТЕЛ НА 17 КАТА ВО ЏАКАРТА

Овој декември може да се види еден од најлуксузните хотели во светот. Угостителскиот синџир „Сент Риџис“ ги отвора вратите од новиот хотел со 17 ката, кој се наоѓа во Џакарта, во познатата градска област Златен триаголник.

Раскошот може да се забележи уште на самиот влез во хотелот. Внатрешниот ентериер е украсен со уникатни мермерни парчиња и со големи луксузни лустери. Хотелот е на површина од речиси 2.900 квадратни метри, а

**„Сент Риџис“ го изгради најлуксузниот хотел во срцето на Џакарта.**
*Извор: Christopher Cypert*



# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

во него има 254 соби и 28 апартмани. Почетна цена на собите за ноќевање е 270 долари.

Најголемиот апартман, познат и како „Caroline Astor Suite“, е на површина од 80 квадратни метри простор со приватен балкон со поглед на раздвижениот град. Во хотелот има и 164 луксузни приватни апартмани што се изградени надворешно, покрај хотелот, за оние што сакаат да останат подолго време.

Хотелот нуди осум различни ресторани за јадење, со посебни техники на готвење. Во едниот може да се искуси интернационална





**„Caroline Astor Suite“ е на површина од 80 квадратни метри.**
*Извор: marriotthotel*



**Осум различни ресторани со разновидни кујни од целиот свет.**
*Извор: Christopher Cypert*



**Осум различни ресторани со разновидни кујни од целиот свет.**
*Извор: Christopher Cypert*





**Луксузни коктели и шампањ за опуштање на гостите во „Сент Риџис“.**
*Извор: marriotthotel*



**Хотелот нуди голем избор на спа-третмани, масажи и спа-центри за опуштање.**
*Извор: Christopher Cypert*



кујна, во друг може да се видат азиски специјалитети. Во еден дел од рестораните постои и мени за брзо освежување, а во еден дел од хотелот постои кујна со мали оброци, кои може да се однесат и во соба.

„Сент Риџис“ има посебен дел наменет за забава во живо, каде што се служат различни коктели или шампањ.

Како и секој хотел од повисок ранг, така и „Сент Риџис“ има спа-центар, кој се оценува дека е со врвен квалитет и голема понуда. Во него гостите можат да одберат помеѓу цветна бања, нега на лицето, масажа за ослободување од стрес и пилинг за целосно подмладување.

**„Заедно со нашиот тим, се радувам што ќе го донесам култното наследство на брендот ‚Сент Риџис' во Џакарта и што ќе создадеме нов репер за исклучителни искуства за нашите гости“**, вели Маркл Хендл, генерален директор на „Сент Риџис“ во Џакарта.

**„Сент Риџис“ ги очекува првите гости од декември.**
*Извор: booking*



# ЌЕ СЕ СЛУЧАТ ЛИ НОВИ ИСТОРИСКИ ПРОМЕНИ? „РОЛС РОЈС“ ТЕСТИРА АВИОН НА ВОДОРОД

„Ролс Ројс“ во историска промена. Тестира дали може авион да работи на водород. На воена локација во Солсбери, на мал авион со млазен мотор се вршат тестови што еден ден би можеле да доведат до огромни промени во воздухопловната индустрија. Се работи за гасна турбина „Rolls-Royce AE-2100A“, дизајн што се користи во најголем дел од регионалните авиони низ светот. Тестовите се спроведуваат од „Ролс Ројс“, заедно со авиокомпанијата „Изи џет“. Целта е да се докаже дека млазен мотор може да користи водородно гориво наместо конвенционално гориво за авијација, а со тоа да се намали загадувањето, велат од компанијата.

Проектот е поддржан од „Изи џет“, кој досега финансирал неколку милиони фунти за првичните испитувања. Компанијата верува дека преку новата технологија со водородната енергија значително ќе се намалат штетните емисии што ги прави авијацијата на кратки дестинации.

**„Почнавме пред неколку години да гледаме што може да ги напојува авионите на иднината“**, објаснува Дејвид Морган, главен оперативен директор на „Изи џет“.

Овие први тестови, еден ден може да значат значителни промени во авиоиндустријата.

„Досегашните тестови покажаа дека млазен мотор што користи водород може да се вклучи и да работи со мала брзина. Но, за да може безбедно да напојува патнички авион, ќе бидат потребни многу повеќе истражувања, но и значителна инвестиција. А и авионите, исто така, ќе треба да бидат редизајнирани, објаснува Алан Њуби, директор за воздушна технологија во „Ролс Ројс“.

**Историски достигнувања: „Ролс Ројс“ тестира авион што треба да работи на водород.**
*Извор: Rolls-Royce*





Менхетен, Њујорк.



# ЊУЈОРК И СИНГАПУР НАЈСКАПИ ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ЗА 2022 ГОДИНА

Њујорк и Сингапур го делат првото место на врвот на листата на најскапи градови во светот во 2022 година, а минатогодишниот лидер Тел Авив сега е на третото место.

Податоците се објавени во годишното истражување на глобалните трошоци за живот спроведено од „Економист интелиџенс јунит“.

Градот на големото јаболко за прв пат се најде на врвот на листата, додека Сингапур по осми пат е лидер на листата во последните 10 години.

Двата града се најдоа на врвот на листата пред сè поради удвојувањето на цените на енергијата во големите градови.

Најголем напредок на листата имаат американските градови, од кои дури шест се најдоа во првите 10. Покрај Њујорк, на листата десет најскапи града се најдоа и Лос Анџелес и Сан Франциско. Сите 22 американски града што биле дел од истражувањето годинава напредувале на оваа листа пред сè поради брзиот раст на цените и зајакнатата вредност на доларот. Шест од нив, Атланта, Шарлот, Индијанаполис, Сан Диего и Бостон се меѓу 10-те градови што покажале најголем скок на листата.

Израелскиот град Тел Авив, кој во 2021 година беше прогласен за најскап град во светот, годинава се најде на третото место.

Во рангирањето најголем напредок има кај руските градови Москва и Санкт Петерсбург. кои се искачија за 88, односно 70 места погоре.

Од друга страна, на листата паднаа и градовите во земјите каде што валутите забележаа пад, а Токио и Осака од 13-то и 10-то место во 2021 година паднаа на 37-мо и 43-то.

Пад има кај повеќето европски градови. Според „Гардијан“, најголем пад на листата во Европа е забележан кај Стокхолм и кај Луксембург.

Сирискиот главен град Дамаск и либискиот Триполи остануваат најевтини градови во светот.

**„Ако не ескалира војната во Украина, предвидуваме дека цените на храната, енергијата и на суровините како што се металите, најверојатно нагло ќе паднат во 2023 година во споредба со тековната година, што може да предизвика пад на трошоците за живот во градовите“**, се наведува во истражувањето.

Истражувањето оваа година, беше спроведено од 16 август до 16 септември во 172 поголеми града во светот.



Јафа, стариот дел од Тел Авив.



# СТУДОТ ВО ЕВРОПА ГИ КРЕНА ЦЕНАТА И ПОТРОШУВАЧКАТА НА СТРУЈА НА РЕКОРДНО НИВО

Цената на електричната енергија во Велика Британија се искачи на рекордно високо ниво, објави „Блумберг Адрија“. Причина за поскапувањето се ниските температури што предизвикуваат пораст на побарувачката на струја, додека истовремено се намалува производството на струја од ветер, што пак предизвикува прекини во снабдувањето.Цената на струјата во Обединетото Кралство на 11 декември достигна рекордни 674,78 фунти за мегават час на берзата „Епекс спот СЕ“, достигнувајќи го највисокото ниво на сите времиња.

Дополнителен проблем се најавите на метеоролошката канцеларија, која издаде предупредувања за снег и за мраз низ Велика Британија. Се очекува и температурите да паднат под нулата, што ќе ја зголеми побарувачката за греење. Потрошувачката на енергија за време на студените денови се очекува да достигне максимум од 46.695 мегавати.

Германските цени на електричната енергија исто така скокнаа за 33 отсто, на 433,93 евра за мегават час, што е највисоко ниво од 13 септември, додека француските се зголемија за 40 отсто, до 465,49 евра за мегават час.



Лондон во зима.




Извор: Getty Images



# АВИОПРЕВОЗНИЦИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ ДРЖАВНИ ПАРИ ДА ЛЕТААТ ОД МАКЕДОНИЈА

Владата одлучи да им додели еден милион евра на авиопревозниците за да летаат од и во Македонија. Овие пари се наменети само за една година, а за наредните, секоја година ќе се прават нови пресметки колку пари ќе треба да се одвојат од буџетот. Оние компании што ќе победат на тендерот, ќе добиваат субвенции од државата во следните три години.

Годинава, согласно европските директиви, Владата заедно со Министерството за транспорт и врски донесе нов начин на распределба на парите. Првично разликата е во тоа што „Визер" нема да има право да учествува во овој повик бидејќи досега неколку години по ред беше единствениот што победуваше на владините тендери. Од оваа година, парите ќе бидат распределени на повеќе авиопревозници. Право на учество имаат и авиокомпании што досега воопшто не учествувале, а од Министерството за транспорт и врски велат дека со овој повик се надеваат дека ќе привлечат нови авиокомпании што ќе оперираат на македонското небо.

**„Овој јавен повик е во согласност со политиките на фер и на конкурентски услови согласно регулативата на Европска Унија. За нас е од исклучителна важност да привлечеме нови компании што ќе оперираат на нови дестинации"**, велат од Министерството за транспорт и врски.

Овој пат на новиот тендер има различни критериуми од претходните години.

Компаниите што ќе сакаат да конкурираат на јавниот повик, ќе треба да имаат превезено најмалку 10 милиони патници во 2019 година, да имаат остварено профит од минимум 25 милиони евра во 2019 година и да летаат најмалку два пати неделно. Финансиската поддршка ќе се доделува со рангирање на новите дестинации, и тоа според периодот на оперирање на дестинацијата. Исто така, важен е бројот на седишта, а приоритет ќе имаат оние авиокомпании што имаат можност за слетување на главните аеродроми во светските метрополи и кои досега никогаш не добиле финансиски средства од државата.

На овој повик има разлика и во цената што ќе биде исплатена за секој лет. Досега, во првата година за компанијата што слетуваше на аеродромот во „Св. Апостол Павле“ во Охрид ѝ беше исплаќано 13 евра по патник, во втората година 12 евра по патник, а во третата година 11 евра по патник. Компанијата што слетуваше на Скопскиот аеродром, во првата година добиваше 9 евра по патник. Дополнително, авиокомпанијата добиваше и 40 илјади евра еднократно за воспоставување нова линија до одредена дестинација.

Од оваа година, поради економската криза, ќе има нови пониски субвенции за авиокомпаниите.

**„Финансиската поддршка ќе биде 7 евра по патник од меѓународниот аеродром во Скопје и 4,5 евра по патник од аеродромот во Охрид. Целата постапка ќе се одвива на јавен и на транспарентен начин. Ќе избереме авиокомпании што ќе достават најдобри понуди во согласност со критериумите во јавниот повик. Нашата крајна цел е да обезбедиме раст на авиосообраќајот во земјава, а на граѓаните да им овозможиме атрактивни дестинации во согласност со нивните потреби по прифатливи цени на билетите. Во договорот ќе стои и дека операторот ќе треба да ги опслужува линиите и по истекот на договорниот рок, за период колку што добивал државна поддршка“**, појаснуваат од Министерството за транспорт и врски.

„Визер“ не добива субвенции од државата од 2020 година, но и понатаму лета на голем број дестинации од Скопје и од Охрид. Новиот договор за субвенционирање би ги обврзал авиокомпаниите да ги одржуваат летовите дури и откога ќе заврши периодот на субвенционирање.

Како досега се распределуваа средствата на авиокомпанијата „Визер“, која беше единствената што добиваше пари од буџетот? Еве колку пари му се исплатени за субвенции од државниот буџет од 2019 година до 2022 година на авиопревозникот „Визер“:

| Година | Исплатени субвенции (ден) |
|---|---|
| 2019 | 66.584.935 |
| 2020 | 21.098.924 |
| 2021 | 10.475.649 |
| 2022 | / |

Краен рок за доставување на барањата за учество во постапката е 19 јануари 2023 година. Јавното отворање на барањата за финансиска поддршка ќе се случува на 20 јануари.

Инаку, согласно зимскиот распоред на летови што стапи во сила на 30 октомври, од Скопскиот аеродром има достапност до вкупно 41 дестинација, до каде што ќе летаат 13 авиокомпании, а на Охридскиот аеродром има седум редовни дестинации од четири авиокомпании. На двата аеродрома во државава од јануари до крајот на септември годинава, се превезени над 1,8 милиони патници и се реализирани 14.823 летови.

Владата очекува авиосообраќајот во 2023



Владата очекува во 2023 година да се надмине бројот на патувања од и во Македонија.
*Извор: skpiarports*

година да го достигне и да го надмине бројот од 2,7 милиони превезени патници, како што беше пред пандемијата со Ковид-19, во рекордната 2019 година. Дополнително, очекуваат и дека патувањата до нови дестинации во Европа и во светот ќе донесат можности за понатамошен економски развој и за унапредување на туризмот, како и за запознавање и соработка помеѓу граѓаните и бизнис-секторот од нашата држава со тие од други држави.

ТАВ неодамна ја зголеми аеродромската такса од 10 на 13 евра, па и тоа ја зголемува цената на авиобилетите.





## „ВИЗЕР“ НЕ ДОБИВА ПОВЕЌЕ СУБВЕНЦИИ ОД ДРЖАВАТА

На претходните три повици распишани од Владата победуваше унгарската нискобуџетна компанија „Визер“, која беше единствена што добиваше субвенции за воведување нови летови од македонските аеродроми. Но, годинава, со промените што ги најавуваат надлежните, договорот со нискобуџетниот авиопревозник „Визер“ е истечен. Унгарската компанија во моментов веќе врши превоз без субвенции од државата. Оваа, година по истекот на договорот, „Визер“ продолжува да оперира затоа што веќе има воспоставено линии без субвенции од државата. Инаку, унгарската нискобуџетна авиокомпанија „Визер“ доминира во воздухопловниот сектор во Македонија, со удел од над 60% или близу милион патници од вкупниот број превезени патници годишно во авиосообраќајот.

Од годинава прекина да ги оперира авионските линии од Скопје и од Охрид до четири европски града – Турку, Торино, Билунд и Фридрихсхафен. Македонија повеќе нема да има редовна авиолинија до Финска. Летовите за Турку беа воведени во 2019 година, додека за Билунд во декември во минатата година. Се укина и линијата од Охрид до Фридрихсхафен, лет што беше воведен во минатиот декември. Авиопревозникот ги укинува и летовите меѓу Шарлроа и Љубљана, Белград и Хан и меѓу Тузла и Ваксјо.

Концесионерот на македонските аеродроми ТАВ стравува да не му се случи таканареченото „сараевско сценарио“ кога „Визер“ речиси без најава ја затвори базата во главниот град на Босна и Херцеговина, што придонесе за драматичен пад на сообраќајот и за намалување на приходите.

„Визер“ руши рекорди во Македонија – покрива над 60% од вкупниот број превезени патници.
*Извор: seenews*



# НОВА АВИОЛИНИЈА ОД ЈУНИ НА СКОПСКИОТ АЕРОДРОМ: ОСЛО – СКОПЈЕ

„Норвицијан ер шатл“ ( Norwegian Air Shuttle) од идното лето ќе оперира над македонското небо. Ќе стартува со лет до Осло од јуни од скопскиот аеродром, а ќе лета до август 2023 година. Норвешката авиокомпанија ќе има лет два пати во неделата, а летот ќе трае 3 часа.

**Осло – Скопје, нова авиолинија од јуни на скопскиот аеродром.**
*Извор: Getty images*




Авиокомпанијата индиректно ќе се натпреварува со „Визер“, кој оперира меѓу Скопје и Сандефјорд.



# ХРВАТСКА ОБЕЗБЕДИ ФИНАНСИСКА ИНЈЕКЦИЈА ЗА „КРОАЦИЈА ЕРЛАЈНС“ ОД 39,5 МИЛИОНИ ЕВРА

Хрватската влада го зголеми својот капитал во „Кроација ерлајнс“. Властите одлучија да ѝ дадат 39,5 милиони евра на авиокомпанијата. Со тоа, основниот капитал на хрватската авиокомпанија треба да се зголеми на 123 милиони евра. Зголемувањето на капиталот ќе се изврши врз основа на Договорот за инвестирање помеѓу Хрватска и „Кроација ерлајнс“, со паричен придонес и со издавање обични акции. Државата има 98% од акциите во авиокомпанијата.

Инаку, „Кроација ерлајнс“ пријави загуба од 13,1 милион евра во првите три квартали од 2022 година. Во периодот пред пандемијата, се жалеше на загуба од 6,5 милиони евра. Но, во меѓувреме авиокомпанијата нарача нови шест авиони „Ербас А220“. Експертите коментираат дека договорот меѓу хрватската влада и компанијата е токму поради најавените нови инвестиции во „Кроација ерлајнс“ како дел од нејзината постковид-стратегија, но и поради новите цени на нафтата на светските берзи.

**„Направени се значителни позитивни чекори во споредба со 2021 година, меѓутоа, зголемувањето на цените на горивото значително влијае врз оперативните трошоци, како и на износот на готовинскиот одлив. Продолжувањето на војната во Украина и непредвидливата природа на пандемијата продолжуваат да имаат големо влијание врз побарувачката и, следствено, врз приходот“**, се вели во официјалното соопштение од компанијата.

**„Кроација ерлајнс“ доби финансиска инјекција од 39.5 милиони евра.**
*Извор: Croatia Airlines*



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## Н. Е. ХИРОНОРИ САВАДА

Амбасадор на Царството Јапонија



## „ГОРДИ СМЕ НА КЕНЗО ТАНГЕ И НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ ШТО СЕ СЕЌАВААТ НА НЕГОВИОТ ПРИДОНЕС ЗА ОБНОВАТА НА СКОПЈЕ ПО ЗЕМЈОТРЕСОТ“,

**порача амбасадорот на Јапонија, Н. Е. Хиронори Савада**

Хуманитарец, борец за подобар здравствен систем и за поквалитетно образование. Јапонскиот амбасадор во Македонија и голем пријател на земјата сега е во заминување. На позицијата дојде како докажан дипломат и е пример дека со голема волја и посветеност, за кусо време, може да се совлада еден јазик, дури и ако не ни е близок според припадноста на јазичната говорна група. Во минатиот месец, на јубилејното петто издание на Маж на годината, амбасадорот ја доби престижната награда „Маж странец на годината“.




Н.Е. Хиронори Савада,
амбасадор на Царството Јапонија во Република Македонија.



Хиронори Савада, амбасадорот на Царството Јапонија во Македонија, оваа функција во земјава ја извршуваше од ноември 2020 година до крајот на 2022 година. Силен поддржувач на европските заложби на Македонија, голем пријател на македонскиот народ, поборник за ефикасен здравствен систем и квалитетно образование за младите. Дипломат, кој со помош на Царството Јапонија, за само две години успеа да ги опреми најголемите здравствени домови во Македонија со висококвалитетна медицинска опрема неопходна за најделикатните испитувања и анализи.

На позицијата амбасадор на Јапонија во Македонија дојде како докажан дипломат, носител на титулата заменик-генерален конзул на Јапонија во Канада, функција што ја извршувал од септември 2010 до јули 2013.

Амбасадорот Савада, кој сега е во заминување, е пример дека со голема волја и посветеност, за кусо време, може да се совлада еден јазик, па дури и ако не ни е близок според припадноста на јазичната говорна група. Во минатиот месец, на јубилејното петто издание на Маж на годината, амбасадорот Хиронори Савада ја доби престижната награда „Маж странец на годината“ за неговиот придонес кон општеството, а тој пред присутните се заблагодари на чист македонски јазик.

**„Голема чест ми е да го добијам ова признание. Оваа награда ја примам со големо уважување, во мое име, во името на јапонската влада, но пред сè во името на јапонскиот народ, кои несебично инвестираат и ѝ помагаат на Македонија. Ја делам оваа чест со целиот тим на амбасадата на Јапонија, кој неуморно работеше со локалните институции за да ги подготват проектите, а особено проектите финансирани преку јапонска програма за мали грантови, за основни проекти и за човекова безбедност. Најважно, ова признание го споделувам со мојата сопруга, која секогаш ме поддржува на сите мои мисии во кои ја промовираме јапонската култура. Во рамките на иницијативата на Западен Балкан, Јапонија е силно посветена да ја поддржи Македонија во социјалниот и во економскиот развој, што е многу важно за интеграцијата во ЕУ. Оваа награда за**



Амбасадорот Савада беше награден во категоријата „Маж странец на годината“ за неговиот придонес кон општеството.

**мене, пред сè е знак за пријателството помеѓу нашите две земји, и сигурен сум дека во иднина ќе ја продолжиме и ќе ја надградуваме нашата соработка“**, рече Амбасадорот Савада, кој наградата ѝ ја посвети на својата сопруга.

Во рамките на „Иницијативата за соработка на Западен Балкан“ поддржана од амбасадата на Јапонија во земјава, истакната беше соработката во областа на екологијата како еден од приоритетите на двете земји.

**„Покрај постојните соработки како ‚Превенција од катастрофи преку стопанисување со шуми', ние сме заинтересирани за зачувување на екологијата во Охрид, признат како светско природно и културно наследство од УНЕСКО. Меѓу другото, подобрувањето на квалитетот на воздухот и управувањето со отпадот на водата е исто така нашата заложба за во иднина“**, посочи амбасадорот Хиронори Савада.

Савада во Македонија ќе остане запаметен како голем хуманитарец, кој преку своите заложби и Амбасадата на Јапонија, реализираше многу проекти во повеќе области во нашето општество, секогаш трудејќи се да го пренесе своето знаење и да ги промовира јапонските традиционални вредности кај нашиот народ. Најголема заслуга има за модернизација на македонскиот здравствен систем преку проекти одобрени и реализирани од страна на јапонската влада.

Од непроценливо значење за нашата земја беше јапонската помош во време на ковид-кризата, преку осумстоте илјади евра за набавка на медицинска опрема за Инфективната клиника и КАРИЛ, како и реконструкцијата на одделот за радиотерапија

Амбасадорот Хиронори Савада, на церемонијата за комплетирање на проект во Јавната здравствена установа (ЈЗУ) Општа болница во Охрид.






**Ректорот Миленковски меѓу гостите на прошталниот прием на амбасадорот на Јапонија, Н.Е. Савада Хиронори, и неговата сопруга, по повод завршувањето на неговата дипломатска мисија во Република Македонија.**

на Клиниката за онкологија. Преку Јапонската агенција за меѓународна соработка се обезбеди и нов мобилен ангиограф за потребите на службата за интервентна кардиологија и радиологија за Градската општа болница „8 Септември“ во Скопје во вредност од 100.886 евра.

Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје, пак, од Јапонија доби машина за рециклирање медицински отпад во вкупен износ од 65.801 евра.

**„Со оваа донација, Јапонија помогна да се заштитат 200 вработени, над 30.000 пациенти и животната средина од токсични материјали што се појавуваат како отпад при третман на инфективните болести, како што е Ковид-19“,** изјави амбасадорот на Јапонија, Савада Хиронори.

Преку проектот за мали грантови, Јапонија финансираше над 60 проекти во здравствениот сектор во Македонија, во вкупна вредност од повеќе од 3 милиони евра, конкретно во медицинска опрема, реновирање клиники и во возила за брза помош. Дополнително, како дел од Програмата за економски и социјален развој, Јапонија во последните две години ги снабди јавните здравствени установи со медицинска опрема во вредност од 813.000 евра како итна помош за Ковид-19, а обезбеди и дополнителна нефинансиска помош понудена во лекови за 100 пациенти со Ковид-19.

Преку проектите од програмата за мали грантови, Јапонија има финансирано реновирање и набавка на опрема за повеќе од 73 училишта и градинки и 64 здравствени установи, и обезбеди 34 специјализирани возило за управување со отпад и комунални услуги за 51 општина.

За пријателството меѓу Република Македонија и Царството Јапонија, во една околност амбасадорот Савада ќе рече:

**„Заедничкото пријателство меѓу нашите две земји е веќе солидно, што многу ме импресионираше. Навистина ценам што Друштвото за македонско-јапонско пријателство неизмерно придонесе за градење на нашето пријателство промовирајќи ја јапонската култура во оваа земја уште од времето на Југославија. Горди сме на нашиот сограѓанин Кензо Танге и толку благодарни што многу македонски граѓани се сеќаваат на неговиот придонес за обновата на Скопје од земјотресот. Создавањето комеморативна поштенска марка во негова чест во 2020 година од страна на поштата претставува ваша благодарност за него. Се надевам дека концептот на Танге е жив и ќе биде длабоко вкоренет во Скопје.“**

Инаку, од 1996 година, откако е воспоставена соработката помеѓу двете земји, Јапонија има поддржано 171 проект во Македонија во вкупна вредност од околу 8.5 милиони евра.

# ЕДНА ГОДИНА ОД ЗАКОНОТ ЗА НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН, КАКО Е ВО РЕГИОНОТ И ВО ЕВРОПА?



Една година откако се применува Законот за недела неработен ден, аргументите се драстично поделени дали ова законско решение носи корист или штета за работниците и за економијата.

Дел од јавноста смета дека овој закон е добар за работниците и дека тие не треба да работат во недела, но компаниите се со став дека на овој начин ќе се намали економската активност, но и дека ќе има големи отпуштања од работа.

Компаниите-членки на Стопанската комора изразија силно незадоволство од ова законско решение и се на став дека тоа не им оди во полза ниту на работниците ниту на македонската економија како целина, а и дека ќе предизвика сериозни негативни импликации. Законското решение беше оспорено и пред Уставниот суд, кој, пак, неодамна одлучи да не поведе постапка за измените на Законот за работните односи во кој беше оспорено работењето во недела.

Од СКМ велат дека тоа не е причина да не ги продолжат разговорите со Владата со цел да се конципира ново законско решение што ќе биде прифатливо за сите.

**Во моментов, законското решение што е во важност, нема бизнис-логика, а има многу можности за негово приспособување што не се спротивни на Уставот. Притоа, ги имаме предвид компаративните искуства од опкружувањето, па дури и од членките на ЕУ, каде што работата во недела не е ограничена на ваков начин како кај нас, а сепак не е спротивна на уставните принципи,** информираат од Стопанската комора.

Бизнисмените во текот на цела година континуирано апелираат дека предложеното законско решение за недела неработен ден ќе има негативен одраз повеќекратно врз повеќе сектори за кои се воведува ограничување за работа во недела, а за таа цел ги презентираа и негативните ефекти во некои сектори.

Од Организацијата на работодавачите велат дека ова законско решение е далеку поригорозно од претходното и дека предизвика дополнително зголемени трошоци во компаниите, како и тешкотии во процесот на производството, кои кај одделни дејности чинат многу.

**На пример, вклучување на машините во погоните или на изладените печки за производство на цемент е проблем и дополнителен трошок за компаниите. Затоа сметам дека треба да се преразгледа списокот на дејности што ќе можат да работат во недела и да се прошири со други**

# КОМПАРАЦИЈА

**дејности**, вели Ангел Димитров од Организацијата на работодавачите.

Тој смета дека државата треба да биде на јасно дали сака да живее стопанството или да затвора фирми и да пресмета какви ќе бидат ефектите, бидејќи е доволен периодот од една година примена.

**Има доволен период на негова примена и треба повторно да се навратиме на ова решение за да видиме дали треба нешто да се поправи или да се преправи. Ако сака државата стопанството да живее, треба да го овозможи тоа. Во актуелниве состојби, дел од компаниите се обидуваат да ја преживеат енергетската криза со организирање на работата во недела и во ноќните часови за да ја искористат евтината струја, па на тој начин да ги намалат трошоците. Но, тоа за дел од нив е законски невозможно, со што се скратува можноста да преживеат**, вели Димитров.

Законското решение со кое недела е неработен ден, стапи на сила од 1 јануари годинава. Законот предвидува дека недела е ден за одмор за 92 отсто од работниците во земјава. Исклучок има за оние работни места каде што не може да се прекине работниот процес односно за околу 8 отсто од работници. Оние што работат во недела треба да земаат додаток на плата од најмалку 50 отсто за секој час поминат на работа ако не е утврден повисок износ со закон или со колективен договор. Предвидено е да користат и слободен ден во наредните седум дена.

Во оваа компарација даваме преглед на тоа каква е состојбата во земјите од регионот, но и во другите европски земји

Во земјите од регионот различно се гледа на концептот на неработни недели за работниците, па така, некаде овој принцип е дел од важечката законска регулатива, додека некаде не е стасано подалеку од јавна расправа и од поединечни иницијативи за нејзино воведување.

*Извор: 1stnews.com*



# КАКО Е ВО РЕГИОНОТ?

**Во Црна Гора недела е неработен ден, но се бара да се укине за време на туристичката сезона**

Мерката за недела неработен ден важи и во Црна Гора, и тоа уште од 2019 година. Оваа мерка се однесува и на 37.000 вработени во трговијата.

Во недела, во Црна Гора е предвидено да работат само аптеки, продавници за леб и бели печива, цвеќарници, сувенирници, бензински станици и маркетите во нив. Може да се купува и на пазари или во киоск. Работат и штандови и киосци на јавни манифестации и фестивали, како и објекти за трговија на големо.

Казните за непочитување на овие мерки изнесуваат од 1.000 до 10.000 евра, а постои и мерка затворање на објектот. Синдикатите не се откажуваат од неработните недели, а постои само можност да се откажат во текот на летната туристичка сезона.

**Не се работи само во некои градови во БиХ**

Во Босна и Херцеговина (БиХ) имаше иницијатива недела да биде прифатен како неработен ден, но измените на законот не беа прифатени во Парламентот. Мерките добија поддршка од работниците и од синдикатите.

Сепак, одредени градови и општини одлучија дека недела ќе биде неработен ден за вработените во трговијата. Тоа е случај во Бијелина, Ливно, Сански мост, Зворник, Кисељак, Мостар, Нови Травник.

**Во Србија и во Косово нема неработна недела**

Причината поради која ваквите иницијативи не успеаја во Србија и Косово е тоа што нема договор меѓу власта, работодавачите и синдикатите.

Според Законот за трговија во Србија, работниците имаат еден слободен ден, но тој не е секогаш недела. Српскиот претседател Вучиќ е со став дека кога економијата има раст треба да се поттикнува, а не да се ограничува.

Иницијативата за недела неработен ден во Косово во 2020 година беше поздравена од работниците и од синдикатите, а оспорена од бизнис-секторот. Дел од услужните и од трговските субјекти како што се ресторантите, кафулињата и трговските центри се противставија бидејќи токму во недела остваруваат поголем приход. Законот за работни односи во оваа земја одредува 40 часа неделно работно време распоредени во смени во зависност од потребите.




Маркет во Србија.
*Извор: aholddelhaize.com*



Трговски центар во Сплит.

### Бугарија

Работната недела е од понеделник до петок, осум часа дневно, четириесет часа неделно. Повеќето аптеки, продавници, барови, кафулиња и ресторани работат во сабота и во недела.

### Грција

Стандардна работна недела е од понеделник до петок. Продавниците обично се отворени од понеделник до петок од 09:00 до 21:00 часот, а во сабота обично од 09:00 до 20:00 часот. Многу ретко се случува продавница да се отвори во недела, но од мај до октомври продавниците во туристичките места можат да отворат од 11:00 до 20:00 часот.

### Хрватска

Работната недела е од понеделник до петок. Повеќето аптеки, продавници, барови, кафулиња и ресторани се отворени во сабота и недела. Во Хрватска нема унифициран став меѓу трговците за регулирање на работата во продавниците во недела, дел од нив се за рестрикции додека други се против какви било ограничувања, но се согласуваат дека е потребна поголема грижа за работниците и дека работата во недела мора да биде соодветно платена. Иако премиерот Андреј Пленковиќ најави воведување неработна недела, тоа е идеја која Уставниот суд трипати ја отфрла. Затоа Владата тврди дека тоа не е забрана, туку регулатива за работа.

Со измените на Законот за труд во Хрватска се предвидува, работодавецот/шефот да не смее да му ѕвони на мобилен телефон на работникот ниту да му испраќа СМС порака и меил по работно време, во неработни денови и за време на одмор. Според измените, работењето во недела ќе се плаќа 50 отсто повеќе.

Работникот има право да биде недостапен по работното време или додека е на годишен одмор. Според извори во хрватската Влада, ниту колеги од работа нема да може да им ѕвонат на телефон на други колеги по работно време освен во случај на итна потреба.

**„Итна потреба може да биде ако сте некој водоинсталатер, па пукне некаква цевка или ако некоја итна работа мора да се сработи за што е неопходно да дојдете вие на работа. Тогаш, се разбира, работникот има право на платена прекувремена работа. Вие, новинарите, исто морате ако нешто се случи, да интервенирате бидејќи тоа е со цел информирање на јавноста, така што тоа ќе се гледа од случај до случај“**, изјави помошник-министерот за труд на Хрватска, Дражен Опалиќ.

# КАКО Е СОСТОЈБАТА ВО ЕВРОПА?

Во Европа, стандардната работна недела со полно работно време започнува во понеделник и завршува во сабота. Повеќето продавници за малопродажба се отворени за работа во сабота. Во Ирска, Италија, Финска, Шведска, Холандија и поранешните социјалистички држави во Европа, во недела се отворени големите трговски центри. Во европските земји како Германија, постојат закони што го регулираат работното време на продавниците. Со исклучок, продавниците мора да бидат затворени во недела и од полноќ до раните утрински часови секој ден.

**Германија**

Работната недела е од понеделник до петок 8 часа дневно. Сепак, многу луѓе ја напуштаат работата во 15:00 часот во петок. Продавниците се отворени во сабота, а генерално се затворени во недела, особено во Баварија, каде што има мнозинско католичко население. Има некои исклучоци, на пример, за пекари, цвеќарници, ресторани, бензински пумпи и продавници на железнички станици.

Берлин, Германија.



**Австрија**

Работната недела е од понеделник до петок 8 часа дневно. Продавниците се отворени во сабота. Според законот, речиси ниту една продавница не е отворена во недела. Сепак, направени се исклучоци, на пример за пекари, бензински пумпи и продавници на железнички станици, особено во најголемите градови (Виена, Грац, Салцбург, Линц).

**Чешка**

Полното работно време е обично од понеделник до петок, осум часа дневно и четириесет часа неделно. Многу продавници и ресторани се отворени во сабота и во недела, но вработените, сепак, обично работат четириесет часа неделно.

**Франција**

Стандардна работна недела е од понеделник до петок. Продавниците се отворени и во сабота. Малите продавници може да се затворат во работен ден (обично во понеделник) за да им се надомести на работниците што работеле во сабота. Според законот, градоначалниците можат да овластат мал број одредени продавници да се отвораат во недела, како што се барови, кафулиња, ресторани и пекари, кои традиционално се отворени секој ден, но само во текот на утрото во недела. Сепак, овие правила почнаа малку да се релаксираат во последниве години, па може да најдете некои продавници и супермаркети што се отвораат во недела наутро, особено во туристичките области или во големите градови.

**Холандија**

Во Холандија, стандардната работна недела е од понеделник до петок. Продавниците се речиси секогаш отворени во сабота, но често и во недела, во зависност од локацијата. Во понеделник наутро, продавниците често не се отвораат до околу пладне.

### Ирска

Ирска има работна недела од понеделник до петок, со основно работно време од 09:00 до 17:30 часот. Многу продавници особено во урбаните средини, се отворени до 21:00 часот или подоцна, а некои супермаркети може да работат деноноќно. Продавниците обично се отворени цел ден во сабота и пократок ден во недела (обично од 10:00-12:00 до 17:00-19:00 часот).

### Италија

Во Италија важи правилото од 40 часа: од понеделник до петок, од 09:00 до 18:00 часот, со пауза од еден час за ручек. Недела е секогаш празник. Сабота е обично и слободен ден.

### Шпанија

Работната недела е од понеделник до петок, 8 часа дневно, вкупно 40 часа неделно. Традиционалното работно време е од 9:00 до 13:00 односно 14:00 часот, а потоа од 15:00 односно 16:00 до 18:00 часот за повеќето канцеларии и работни места. Повеќето продавници се отворени во сабота наутро, многу од поголемите трговски центри се отворени цел ден во сабота, а во некои градови како Мадрид, тие се отворени и во неделите. Некои ресторани, барови и продавници се затворени во понеделник, бидејќи понеделник е обично бавен работен ден.

### Обединето Кралство

Традиционалната деловна работна недела е од понеделник до петок (35 до 40 часа во зависност од договорот). Во малопродажбата и во другите области како што е здравството, слободните денови може да се земаат во кој било ден од неделата. Работодавците можат да ги натераат своите вработени да работат секој ден во неделата иако е работодавачот должен да му дозволи на секој вработен паузи или во континуиран период од 24 часа секоја недела или континуиран период од 48 часа на секои две недели.

Законите за работното време на продавниците се разликуваат помеѓу Шкотска и остатокот од Обединетото Кралство. Во Англија, Велс и во Северна Ирска, многу продавници и услуги се отворени во сабота, а сè повеќе и во недела. Во Англија и Велс, максималното работно време на продавниците во недела варира во зависност од вкупната површина на продавницата. Во Шкотска, сепак, не постои ограничување во Законот за работното време на продавниците во недела.

Според Директивата на ЕУ за работно време (која и понатаму останува закон на Обединетото Кралство), работниците не може да бидат принудени да работат во просек повеќе од 48 часа неделно. Сепак, овде им се дозволува на поединците да се откажат ако одлучат така.

Малопродажен комплекс во Лондон.




Во Македонија, од економска гледна, точка допрва ќе се сумираат негативните ефекти од Законот за недела неработен ден.

Најдоброто решение можеби е компаниите да имаат можност самостојно да го организираат извршувањето на работите соодветно на спецификите на работните процеси од секоја дејност во сите седум дена од неделата, а на работниците да им се обезбедат сите права од работен однос, што значи право на избор за работа, како и плаќање на дополнителен додаток поради работа во недела како ден за одмор.




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент.


ЗА ТУРИЗАМ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC